

Интервју: **Борислав Станоевиќ**

Во краткиот период во кој се занимавам со стрип уметноста запознав една исклучителна и необична личност од тој свет. Низ ова интервју кое што го направив, мене ми претставува особена чест и задоволство, а и голема одговорност, да го претставам мултиталентираниот уметник, сценарист од Србија, господинот Борислав Станоевиќ. Во неговата официјална биографија пишува дека е роден на 23 април 1953 година во Белград. Завршил факултет за Драмски уметности (отсек за филмска и ТВ продукција) во Белград и Музичка академија во Букурешт (отсек музичка теорија и композиција). Работи како  Главен Библиотекар на Југословенската Филмска Архива во Белград, Србија. Автор е на бројни приказни, новели, либрета, претстави, сценарија за играни, експериментални, документарни и анимирани филмови, графички новели и стрипови, ТВ и радио програми и критички есеи. Исто така пишува и за бројни магазини и весници (Данас, НИН, Политика...) на разни теми.

Тој е креатор и  сценарист на графичкиот серијал Капетан Нитрат кој глобално е првата  супер херојска пародија која се занимава со историјата на филмот, истражувањето и зачувувањето на филмските архиви. Ликот  за прв пат се појавил на Интернационалниот Филм фестивал Сентениал во 1995 година.

Станоевиќ е автор и на бројни музички композиции: балетот „Збор“, музика за филм и ТВ, ТВ мјузиклот „Банда на 5 петли“ и првата детска ТВ опера во бивша Југославија.

По официјалното претставување го имав задоволството Борислав да направи едно лично и спонтано претставување како вовед во нашето интервју.

Тој вели:

Признавам дека размислувам како да наведам правилна причина за ова интервју? Односно, како по ѓаволите интервјуираниот го заслужил вниманието на интервјуирачот т.е. читателот?

Само еден одговор ми паѓа на памет - тоа е довербата која



*Синиша Радовиќ, стрип табла од првиот број на стрипот Капетан Нитрат, објавен во 1995 година*

ја влевам. Тоа е мојот вистински талент.

Во 70тите години се занимавав со компонирање експериментална музика, но експериментите со атонална и електронска музика ме уверија дека хармоничната мелодија е правилната вистина за музиката, па ја напуштив музичката бучава, бес и хаос и се занимавав со филмска, театарска и ТВ музика „а ла Мориконе“. Во тоа време експериментирав со авангардна поезија – само за подоцна да ми се открие вистинитоста во класичната драма, роман и приказна, скоро жанровска, на работ на фантастиката и





*Капетан Нитрат, 1997 година, Александар Сотировски*

хоророт. Истото важеше и за сликарството – апстрактниот експеримент ме доведе со експресионистичка фигурација и стрип. Требаше да се има храброст тогаш за да се уништат повеќето незадоволителнни експериментални производи и да се признае откриената вистина - таа тогаш (а и никогаш) не беше во мода.

Авангрдната лага би била далеку по исплатлива, пред се како пат до адекватен статус на слава. Но признавањето на вистината ми донесе доверба. Значи, можеше да ми се верува на збор. Тоа ми помогна и за мојот статус на критичар и теоретичар. И во мојот однос со колегите и во



*А. Сотировски и М. Стојановиќ на промоцијата на Капетан Нитрат на фестивалот во Лесковац во 2013 година*

креативниот процес, секако. Читателот , ќе мора сам да се увери во она што го кажувам.

**1. Со што се занимавате во животот, која е вашата професија?**

Го вложив сиот живот да ја направам мојата професија и својот животен повик - едно исто. Цврсто верував дека, ако веќе се занимавам со разни уметнички родови, морам и теориски и филозофски да разбирам и промислам што правам. Бурата на инспирација , чистиот нагон, не ми беа доволни. Затоа првата улога на музички експериментатор ја заменив прво со улогата на филмски и ТВ продуцент, потоа со улогата на филмски архивист и најпосле, со улогата на библиотекар во стручна филмска библиотека на Кинотеката. На тој начин „профитираат“ и моето (приватно) творештво и мојата професија на државен службеник во културата. А од корист и на двете е и мојата повремена професија на критичар. Би сакал среќата/судбината да не играше голема улога во сето тоа, ама изгледа дека не е така.

**2. Кога започнавте да се интересирате за стрип културата?**



*Портрет: Борислав Станоевиќ З, цртеж А. Сотировски*





*Капетан Нитрат, 1997 година, Александар Сотировски*

Моето „културно воздигнување“ започнува со стриповите – Дизниеви јунаци , Флеш Гордон, Принц Валијант и Рип Кирби од Политикин забавник и тоа се првите импресии кои ги паметам (покрај трамвајот кој поминуваше под мојот прозорец). Покрај нив научив да читам, пишувам и цртам. Во 70тите години на минатиот век, сериозно се занимавав со проучување на јазикот и теоријата на стрипот. Потоа наеднаш, во моментот на интелектуален пад, необјаснив духовен куршлус, сосема престанав да читам стрипови во своите триесетти години. Благодарност до бога, во четириесеттите се враќам на стрипот со одушевување и до ден денес еланот не ме напуштил. За среќа, благодарејќи му на интернетот, успеав брзо (во 90тите) да надоместам битни остварувања од пропуштените 6-7 години на светскиот и домашниот стрип.

**3. Кога започнавте да пишувате сценарија за стрип?**

Првите сценарија , кои сам ги илустрирав, ги напишав 1972 година во гимназија. Се навратив на стрип-сценариото во 80тите години низ стори-бордовите кои ги цртав покрај своите ТВ и филмски сценарија. Неколку години (1991-93 ) ги пишував и цртав сценаријата за вселенската сага Овермен, која почна како бајка за заспивање на мојата ќерка, додека беше мала. Но на вистинската стрип-



*Капетан Нитрат, Александар Сотировски*

сценаристика се посветувам кога започнав да соработувам со цртачот Синиша Радовиќ, кој само што се беше вратил од завршени студии по сликарство во Русија. Во време на почетокот на последната балканска граѓанска војна со него соработував на одличните графички проекти за Конан и Бетмен. За жал ни еден не ја виде „светлоста на денот“. Но во 1995 година нашата соработка е крунисана со првиот дел од серијата графички романи Капетан Нитрат.

**4. Како настана идејата за вашиот стрип јунак Капетан Нитрат и дали може да ни кажете нешто повеќе за неговите почетоци и развиток?**

Годината 1995 беше Светска годишнина на Филмот. Сите архиви и кинотеки на светот се натпреваруваа да ја одбележат со оригинални проекти. Мене ми падна на памет црно-бел херој (во колор стрип и свет) кој е месија на немиот (но и звучниот) црно-бел филм. Бидејќи првите педесет години филмот во светот бил сниман на високо запалива лента, така и мојот херој би бил сочинет од тој оган (која, кога ќе се запали, навистина развива температура која може да истопи челик). Малиот електронски, дигитален соборец на Капетанот, Разводник Далечинец кој плови на џиновскиот ТВ далечински управувач е заштитник на електронските аудио-визуелни медиуми. Тие двајцата се Спасители на подвижните слики. Во таканаречената Светска бела книга за Нитратниот (запаливиот) филм („This Film is Dangerous“, London, 1996) која ја издаде Меѓународната Федерација на Филмските Архиви, овој проект е истакнат заради својата иновативност во пристапот на ширење на филмската култура. Оттогаш Капетан Нитрат е своевиден заштитен знак на Југословенската Кинотека, но и на филмската архивистика воопшто. Секако , тоа не значи дека Нитрат е замислен како сувопарно, учебничко писание, туку тоа е авантуристички, супер-херојски стрип, некоја врста на Тројански коњ за читателот. Приказна во духот на денешните популарни јунаци како што се Супермен, Бетмен и или Спајдермен и Ајронмен, која крие во себе поучни елементи од историјата, естетиката и технологијата на подвижните слики.

**5. Како дојде до соработка со стрип цртачот и илустратор господинот Александар Сотировски?**

Мојот одличен пријател од Битола, никогаш доволно ценет вајар и зограф Марјан Малбашиќ, ме запозна со работата на Сотировски 1996-1997 година. Во тоа време јас, како и повеќето Југословени знаев само за легендата на македонскиот стрип Камиловски. Малабашиќ лесно ме излечи од таа предрасуда. Аце беше млада надеж, малку вкочанет во изразот и пристапот, но отворен кон експериментирање со сложена уметничка приказна – само

што ја беше завршил графичката поема „Двајца во Еден“ по сценарио на Томислав Османли. На самиот почеток на соработката, додека седевме на цртачката маса во Битола, Ацо и јас прилично се намачивме – да се сложиме изгледаше неможно. Моите и неговите идеи за изгледот на јунакот и кадрирањето, па и самиот стил - изгледаа непомирливи. Наеднаш, потполно изненадно, сѐ се вклопи како „лего“ коцки! Во однос на првиот дел, визијата на Александар донесе извесна балетска елеганција. Витка, стилизирана фигура, налик на она што Моебиус го донесе на Сребрениот летач на Марвел (во однос на она како го гледаа Кирби и Бјушема). Очигледно дека Сотировски и Нитрат беа комбинација како оган и барут, од спојот и двајцата се подигнаа накај „небото“. И ниту Нитрат повеќе не беше истиот, ниту Ацо беше стариот Сотировски. Знам многу цртачи и сликари, но никогаш немам видено таква метаморфоза, трансформација и ослободување на креативен набој, како кај Сотировски за време на работата на вториот дел на Капетан Нитрат. Откако се избори со барањата за сценариото на Нитрат (и на неговиот грандомански автор) мислам дека Ацо можеше да направи било што. И тоа денес се докажува, Сотировски напредува, како во стрипот, така и во илустрацијата, со непрекината нагорна линија. За тоа е доказ неговото преполно меѓународно портфолио.

**6. Што мислите за македонската стрип сцена?**

Најкратко:  може МНОГУ подобро. Но кога се работи за авторскиот потенцијал, се прашувам дали финансиска страна може да го следи овој потенцијал. Искрено, се сомневам. Мислам дека издаваштвото е клучен, примарен проблем. Другиот е, разединетоста кај авторите – но тука суетата е главната кочница кај повеќето млади автори. Но, таа е секаде, во исто време и универзален погон во секоја работа. Колку и да е добра бидејќи може да мотивира на што поголем квалитет, толку умее и  да заслепи. Најпосле, причина за постоење на сцена е – публика. Имам впечаток дека публиката беше похомогена, а и помасовна пред десетина и повеќе години. Од друга страна, тоа е прашање кое секој од нас мора себеси да си го постави -има ли причина авторот, без публика, да создава? Или , да го превртиме телескопот, може ли авторот себеси да си дозволи да не создава, дури  и (или особено тогаш) кога моментално изгледа како никого да не го интересира неговото создавање? За Кафка и Ван Гог, во нивниот живот, малку кој знаел. Секако, тешко е да се поверува дека денес некој е спремен да гладува заради својата уметност како Ван Гог.



*Капетан Нитрат, 2010 година, цртеж на македонскиот илустратор и стрип автор Дарко Богданов*

**7. Дали можете да направите една паралела и споредба меѓу стрип сцената во Србија и Македонија?**

Србија малку повеќе се тетерави, како галванизиран леш. Или можеби, Франкенштајн. Немојте погрешно да ме сфатите, не дека нема вистински, одлични автори или вистински програмски потези или пак добри изданија и значајни преводи на странски стрипови. Но наглиот јуриш на српски издавачи изгледа како потег на очајници. Нема пари, нема публика. Публиката нема пари. И така во круг. И најстрашно е тоа што публиката се повеќе го напушта стрипот и се свртува на друга страна. Иако не сум сигурен - на која?

**8. Каква е соработката меѓу македонските и српските автори?**

Воглавно соработката е фестивалска. Убаво се дружиме. Ама, никако да ги засукаме ракавите и навистина да започнеме да работиме на големи, значајни проекти. На планови за враќање на публиката, дури и преку дигиталниот стрип, Интернет портали и сл.

**9. Ми најавивте нов проект помеѓу вас и господинот Сотировски, може ли да дознаеме повеќе за тоа?**

За Белградскиот Систем Комикс работиме на една, нарачана, кратка стрип-приказна (од десетина табли), за стрип антологија која е на тема - сто годишнина на Првата светска војна. Исто така Сотировски работи на илустрирање на мојот роман – гротеска за тајниот агент 007 и секако на петтото продолжение на Капетан Нитрат „Двеилјадита и некоја – Одисеја во вселената“.

**10. Дали би можеле да ни дадете завршен заклучок за улогата на стрип уметноста и уметноста воопшто во културата на живеење на Балканот, а и пошироко?**

Кога веќе ме провоцирате, морам да ја изнесам својата теза на јуродива: стрипот е последниот митолошки медиум кој го имаме – проповедница од која може да се прикажат системите на вредност, која не почива на среброљубие и преку која може брзо да ја задоволиме секоја, па дури и најбудалестата и најпогубната потреба. Тука се проповеда теологија, филозофија, естетика, морал, поезија, историја... а никој не ви се смее. Значи, во стрипот смее да се зборува за уметноста, како таа да постои и како навистина да е УНИВЕРЗАЛНО важна, и тоа не само за неколку уметници, истомисленици. Стрипови како што се „Signal to Noise“ на Нил Гејман и Дејв МекКин упатуваат и на нов правец во кој стрипот и уметноста ќе се движат – ако имаат среќа. Со надеж и дека упатуваат на нови времиња кои оваа цивилизација (сосе Балканот) ќе ги доживее и уште малку ќе ги поживее.

Весна Ничевска Саравинова